# ИСТОРИЈАТА
## на доброто и злото



**ПОИМОТ „ИСТОРИЈА“** опфаќа многу различни текови на настани кои како нишки паралелно се случувале и се испреплетувале низ времето: политичка историја, историја на јазиците, историја на војувањето, на уметноста, музиката, архитектурата, историја на медицината, етнологијата...

**ЦЕЛТА** на овој проект е да Ви ја претстави онаа нишка на историјата за која малку се знае и малку се зборува, Историјата на борбата меѓу доброто и злото - нејзините почетоци, развој и завршница.

Во оваа брошура, врз основа на **БИБЛИЈАТА и ИСТОРИСКИТЕ ФАКТИ**, направен е пресек на најважните настани кои овозможуваат сликовит преглед на повеќевековната борба меѓу доброто и злото, station наназад во минатото, но и напред во иднината.

Се разбира, на толку мал простор не е можно да се опфатат сите настани и детали кои се случиле во овој долг временски период. Идејата е, во скратена форма, во една целина, да Ви го изнесеме она што, понекогаш, поради брзото темпо на животот и навиката да се примаат инстант информации, останува скриено меѓу кориците на големите книги, за кои „немаме време“. А тоа што останува скриено е од непроценлива вредност за секој човек!

# Зошто Исус умрел на крстот?

## Дали Десетте Божји заповеди се укинати?

Зошто ми е Бог? Не сум убил, не сум украл...



# Дали Бог го создал ѓаволот?

Не! Бог создал возвишен ангел, кој Библијата вака го опишува: **„Ти беше примерок на совршенство, полн со мудрост и чудесно убав!... Ти беше совршен во патиштата свои, од денот кога беше создаден, сè додека не се најде во тебе беззаконие“.**

**Но, ако бил совршен, како тогаш можел да згреши?** Совршенството, според Божјиот концепт, подразбира и целосна слобода на избор. Божјето владеење се темели на љубов, а љубов не може да има без слобода на волјата. За жал, таа слобода Луцифер ја злоупотребил и од ангел на светлината станал зол, се изменил во ѓавол и сатана.

## Може ли човек да ја разбере Библијата?

## Зошто црквата правела такви злодела низ историјата?

## Како можам да знам дали моите верувања се исправни?

## Зошто луѓето страдаат?

## Која е вистинската црква?

# Каков е Бог?

## Дали е сеедно што верувам?

Зар Бог ме сака и мене?

## Може ли човек да биде премногу лош за Бог да му прости?



### Дали навистина човек може да живее вечно?

Да! Тоа била Божја замисла уште на самиот почеток. Тој не создал таква прекрасна креација како што е човекот, за еден ден тој да умре. Смртта дошла како последица на човековиот престап на Божјиот закон. Всушност, срцевината на она што ние го нарекуваме вера или религија, е да разбереме колку е важен и непроменлив Божјиот закон, од една страна, и Божјата огромна љубов изразена во Христовата откупителна жртва за нас, преку која можеме повторно да имаме вечен живот, од друга страна.

## Постои ли конечно решение за страдањата?

## Дали во 2012-та ќе дојде крајот на светот?

## Од кога постои злото?



### Вистина ли е дека Исус повторно ќе дојде на Земјата?

Да! Библиската вера подразбира дека еден ден на злото и страдањата ќе дојде крај. Тој ден ќе биде второто Христово доаѓање. По овој ден копнееле илјадници во минатото, но не го дочекале и починале со надеж, знаејќи дека кога ќе дојде, ќе воскреснат за да ја примат својата награда - вечен живот. Според настаните во светот, за кои зборува Библијата, ние веруваме дека тој долго очекуван ден е близу.

## Што треба да стори човек за да биде прифатен од Бога?

# Кога Исус ќе дојде по втор пат?

# Подетално за последните настани



## Знаците на крајот

Светот ќе се соочува со сè побројни и посилни природни катастрофи и несреќи од секој вид: војни, болести, глад... Луѓето сè повеќе ќе тонат во неморал и расипаност[28], а вистинската љубов ќе олади. Од друга страна, верскиот фанатизам ќе расте и преку граѓанските закони ќе се наметнуваат ограничувања на верската слобода. Но, и покрај сите овие знаци, за мнозинството, Христовото доаѓање ќе биде **„ненадејно“**.[29] Измамливоста на спиритизмот, астрологијата, окултните појави, но и извртените толкувања на Библијата, дополнително ќе придонесат мнозина да бидат заведени и неподготвени да го дочекаат крајот.

## Второто Христово доаѓање

На Исусова заповед, гробовите се отвораат и сите праведници од целата земска историја, воскреснуваат за вечен живот, а верните кои живи го дочекале Христовото доаѓање, ќе бидат во миг преобразени во бесмртни.[30] Славата на Божјето присуство носи уништување за гревот, затоа при второто Христово доаѓање сите кои не се откажале од гревот, загинуваат. Спасените се вивнуваат кон Господ, на небото. Земјата останува во пустош од катаклизмите предизвикани од силата на Исусовото присуство.[31] Сега, немајќи кого да мами, сатаната ќе биде „врзан“[32] во тој грозомор, за да размислува за последиците на својот бунт.

## Конечно уништување на злото

Илјада години подоцна, Христос и спасените се враќаат на Земјата. Тогаш грешниците од сите векови ќе воскреснат за да ја примат својата казна, заедно со сатаната и неговите демони. Тие ќе бидат уништени со оган, ќе умрат со **„втората смрт“**[33] - вечно непостоење. Нема да има никаков пекол во кој злите вечно би се мачеле. Тие ќе бидат уништени, еднаш засекогаш. Стариот свет во кој царувале гревот и злото, ќе биде очистен со огнот на Божјиот гнев, кој толку долго бил одложуван од милост кон луѓето. Бог е милостив, но Бог е и праведен. Времето на милоста завршило и сега треба да се изврши правдата.

## Вечноста...

**„И видов ново небо и нова земја“.**[34] Бог наново ќе ја создаде Земјата. Таа сега ќе биде место каде повеќе нема да има страв, непријателства, омраза, болести ниту разделби - **„ќе ја избрише** (Бог) **секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина“.**[35] „Големата многувековна борба е завршена. Грев и грешници нема веќе. Целата вселена е чиста. Во неа владеат потполна хармонија и радост. Од најмалечкиот атом до најголемиот свет, сè што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост зборуваат дека Бог е љубов.“[*]

**28.** 2. Тимотеј 3,1-5 | **29.** Лука 21,34: 1. Солуњаните 5,1-3 | **30.** 1. Солуњаните 4,16; 1. Коринќаните 15,52.53 | **31.** 2. Петрово 3,10; Откровение 6,14-17 | **32.** Откровение 20,1-3 | **33.** Откровение 20,5-15; 2. Петрово 3,7 | **34.** Откровение 21,1 | **35.** Откровение 21,4 | ***** „Големата борба“, стр. 668 |

# Истражи, размисли, одлучи!



Добро е човек да истражи и лично да се увери во вистинитоста на погоре кажаното. Библиската вера му се обраќа на разумот, затоа, откако ќе истражи и ќе добие доволно информации за овие теми, мудро е да се седне и да се размисли за сè. Одговорноста да се заземе став е во доменот на слободната волја на секого. Бог не работи со присила. Љубовта и слободната волја се свети за Него. Но, размислете само: на секој човек понудена му е можност да добие вечен живот, и тоа во свет без неволји и зло од каков било вид. Да, звучи неверојатно, фантастично. Но, драги мои, тоа е библиската вистина во која верувале милиони пред нас низ историјата. Лично сум убеден дека ако искрено погледнеме во себе, ќе видиме дека тоа е копнеж и на нашето срце, но можеби се плашиме да поверуваме, мислејќи дека сево ова е премногу добро за да биде вистинито. Но, вистина е!

Некои од **ПРАШАЊАТА** кои си ги поставивме не добија свој одговор во оваа брошура, а додека ја читавте сигурно Ви се родија и нови. За **ПОДЕТАЛНО ЗАПОЗНАВАЊЕ** со оваа тематика, можност да поставите прашања или да набавите дополнителна литература, Ви стоиме на располагање!


*e-mail:* ***istorijatadz@yahoo.com***

*тел.:* ***02/20 30 777, 071/569 076***

*писмо:* ***П. фах 215, 1001 Скопје***



Подготвил: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“ - Скопје** | За издавачот: **Михајло Гурев** | Печати: **Аркус дизајн**